„Кога Аллах ќе засака некој роб, Го повикува Џибрил и му вели: ‚Јас го сакам тој и тој, затоа сакај го и ти.‘ Тогаш Џибрил ќе го засака,

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога Аллах ќе засака некој роб, Го повикува Џибрил и му вели: ‚Јас го сакам тој и тој, затоа сакај го и ти.‘ Тогаш Џибрил ќе го засака, па обзнанува меѓу жителите на небесата: ‚Аллах го сака тој и тој, затоа сакајте го и вие.‘ Потоа ќе го засакаат и жителите на небесата, а потоа му се дава прифаќање кај луѓето на Земјата - и тие да го сакаат.” А кога Аллах ќе замрази некој роб, Го повикува Џибрил и му вели: ‚Јас го мразам тој и тој, затоа мрази го и ти.‘ Тогаш Џибрил го замразува, па обзнанува меѓу жителите на небесата: ‚Аллах го мрази тој и тој, затоа мразете го и вие.‘ И тие го замразуваат, потоа му се дава кај луѓето на Земјата и тие да го мразат.”

[صحيح] [صحيح مسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека кога Аллах ќе засака некој верник – кој е послушен на Неговите заповеди и се воздржува од Неговите забрани – Го повикува Џибрил и му вели: „Јас го сакам тој и тој, затоа сакај го и ти.” Тогаш предводникот на мелеците, Џибрил, алејхи селам, го засакува, па објавува меѓу мелеците на небесата: „Аллах го сака тој и тој, затоа сакајте го и вие.“ И жителите на небесата ќе го засакаат, а потоа Аллах му дава прифаќање во срцата на верниците на Земјата и тие да го сакаат, да му бидат наклонети и да бидат задоволни со него. А кога Аллах ќе замрази некој роб, Го повикува Џибрил и му вели: „Јас го мразам тој и тој, затоа мрази го и ти.” Тогаш Џибрил го замразува, па објавува меѓу жителите на небесата: „Аллах го мрази тој и тој, затоа мразете го и вие.” И тие го замразуваат, а потоа Аллах внесува омраза и одбивност кон него во срцата на верниците.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/6458